Република Македонија
Интернационален универзитет
ЕУРОПА ПРИМА
Бр. 03-124
21.07. 2020 год.
СКОПЈЕ

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА ОБЛАСТ КАЗНЕНО ПРАВО НА ИНСТИТУТОТ ЗА АУДИОВИЗУЕЛНИ СТУДИИ И ДИГИТАЛНА ЗАШТИТА ПРИ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА – СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита при Интернационалниот универзитет ЕУРОПА ПРИМА – Скопје, бр. 03-126 од 16.07.2020 година, определени сме за членови на Резензиона комисија за избор на настаник во сите наставно-научни-звања- 5.Научно подрачје: Општествени науки, 508 Поле:Правни науки, Област: Вовед во право, Човекови права и слободи, Казнено право (50800; 50818; 50804 Фраскатиева класификација) на Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита при Интернационалниот универзитет ЕУРОПА ПРИМА – Скопје. Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот “Нова Македонија” од 04.07.2020 година и во предвидениот рок се пријави вонреден професор д-р Атанас Козарев. Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита при Интернационалниот универзитет ЕУРОПА ПРИМА – Скопје, да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Со Одлука бр. 02-419/1 од 28.04.2020 година, донесена од Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и криминалистика во состав на Европскиот универзитет – Скопје, доц. д-р Атанас Козарев, доктор на правни науки од казнената област, е избран за наставник во наставно-научно звање ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР, по група предмети од област КАЗНЕНО ПРАВО во времетраење од пет години. Изборот е извршен по претходно објавен Конкурс во весникот “Вечер” од 05.03.2016 година и врз основа на предлог на рецензентска комисија во состав: проф. д-р Гордан Калајџиев, проф. д-р Тодор Витларов и проф. д-р Игор Камбовски. Извештајот е објавен во Билтен бр. 4/16 од 11.04.2016 година и содржи осврт за образованието на кандидатот, неговиот научен развој и професионален ангажаман, како и објавените научни и стручни трудови. Во заклучокот на извештајот се напоменати постигнувањата на кандидатот во наставно-образовната дејност и во научно-истражувачката работа, како и фактот дека ги исполнува условите предвидени со Законот за високо образование за избор во наставно-научно звање.

По разгледувањето на Извештајот од рецензентската комисија и Одлуката за избор во наставно-научно звање, Комисијата формирана со одлука на Наставно-научниот совет